Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневни настани 05.05.2023

На 04.05.2023 во 16.15 часот во близина на стар мост во Велес, полициски службеници од СВР Велес се лишиле од слобода А.Ш.(42) и Р.С.(25), двајцата од Велес. При претрес кај Р.С. биле пронајдени и одземени хероин, амфетамин и дигитална вага, додека при преглед кај А.Ш. била пронајдена и одземена марихуана. Подоцна, со наредба од Основен суд Велес, биле извршени и претрес во домот на А.Ш., при што, исто така, била пронајдена и одземена марихуана. Двајцата биле приведени во Полициската станица Велес и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.05.2023 во 18.10 часот, полициски службеници од ОВР Кочани го лишиле од слобода Е.Д.(46) од Кочани. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.05.2023 во 15.55 часот, полициски службеници од ОВР Виница го лишиле од слобода М.Е.(26) од Винница. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и две дробилки. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.05.2023 во 04.30 часот, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Гази Баба лишиле од слобода малолетник од с.Мралино, општина Илинден . Тој се сомничи дека на 30.04.2023 извршил кривично дело „разбојништво" во спортска обложувалница во с.Петровец, при што со закана од вработената одал пари. Во случајот работ во полициска станица, во присуство на родител, тој го признал делото, а биле пронајдени и дел од предметите поврзани со делото. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.05.2023 во 18.10 часот кај Прждевски споменик во близина на Демир капија, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Мисајлово при Регионалниот центар за гранични работи Југ го лишиле од слобода М.К.(21) од Скопје. При контрола на возилото „опел астра" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, било констатирано дека табличките кои ги биле поставени на возилото биле од друго возило. Претходно, во 17.45 часот, на регионалниот пат Неготино – Демир Капија, М.К. не застанал на знак за запирање даден од полициски службеници, но набрзо бил запрен. Возилото било одземено, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.
На 04.05.2023 околу 22.30 часот во гостиварски Добридол, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода А.Ш.(32) и Т.І.(36) затоа што кај нив биле пронајдени и одземени кокаин. Двајцата биле задржани во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 04.05.2023 во 19.45 часот, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово го лишиле од слобода М.В.(24) од Куманово затоа што кај него била пронајдена марихуана. М.В. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 03.05.2023 во 20.30 часот на Меѓународен аеродром Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ф.(24) од Велес затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (04.05.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акцијата контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема да дозволената, при што санкционираа се 160 возачи. Од нив пет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 81 возило ја пречекорило брзината во населено место, а 79 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (04.05.2023) продолжи со контролите во областа на соообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 126 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 21 санкција, девет мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за користење неисправни и нерегистрирани возила. Изречени се 10 мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за некористење сигурносен појас...

На 05.05.2023 во 06.40 часот во СВР Велес, од Железници на Република Северна Македонија било пријавено дека во близина на Градско, возот на(соообраќај релацијата Гевгелија-Скопје, удрил во Ф.С.(62) од Градско. Од здобинените повреди Ф.С. починал, а смрт констатирал лекар од Ѓитна медицинска помош. Увидна екипа од СВР Велес извршила увид на местото во присуство на јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било предадено за одјукција.

На 04.05.2023 во 23.45 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на магистрален пат Струмица-Ново Село, помеѓу с.Босилово и с.Турново, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „ѓиа 320" со струмички регистарски ознаки управувано од В.В.(20) од с.Муртино, струмичко и патничко моторно возило „ауди а4" со струмички регистарски ознаки управувано од П.Т.(18) од с.Дукатино, струмичко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот В.В. и неговиот сопатник П.В.(20) од с.Муртино, констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Струмица.

На 03.05.2023 во 19.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека на магистрален пат Охрид-Кичево, во близина на с.Вртојани, охридско, патничко моторно возило „опел астра" со охридски регистарски ознаки управувано од Д.С.(36) од с.Лабуништа, струшко, излетало од патот. По несреќата во болницата „Св.Еразмо" биле пренесени возачот Д.С. и сопатникот А.М.(53) и Н.С.(60), двајцата од с.Лабуништа, кade на Д.С. и А.М. им биле констатирани тешки телесни повреди, а на Н.С. му биле констатирани телесни повреди. За настанот бил известен Јавен обвинител. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Охрид.

На 04.05.2023 околу 13.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул.„Борис Сарафов", ул.„Ѓорѓи Казепов" и ул.„Апостол Петков" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки управувано од С.В.(37) од Скопје и мопед „априлија" со скопски регистарски ознаки управувано од Ф.Т.(30) од с. Визбегово, скопско. По несреќата, Ф.Т. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 04.05.2023 во 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Јустинијан Први" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „сеат алтеа" со скопски регистарски ознаки управувано од Р.А.(24) од С.Студеничани, скопско и патничко моторно возило „дачиа" со скопски регистарски ознаки управувано од С.Б.(60) од Скопје, при што, по ударот патничкото возило „дачиа" удрило во Б.С.(70) од Скопје. По несреќата Б.С. бил пренесен во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 04.05.2023 околу 02.00 часот во Полициската станица Берово било пријавено дека на локалниот пат за с.Двориште, беровско, патничко моторно возило „пежо 206" со беровски регистарски ознаки, управувано од Д.Т.(58) од с.Двориште, удрило во К.Р.(40) од с.Смиланци, радовишко, по што го напуштило местото на настанот, но подоцна возачот бил пронајден . Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил К.Р., констатирани од лекар во Медицинскиот центар Струмица. За настанот бил запознаен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Берово.

На 04.05.2023 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош, М.Д.(45) приајвил дека на ул.„Сливоска" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 04.05.2023 во 11.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Л.А.(57) од Скопје приајвила дека на ул. Методија Андонов Ченто била касната од куче скитник.

Денеска (05.05.2023), полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп го лишиле од слобода Р.Т.(20) од Прилеп. При претрес во неговиот дом и други простории во Прилеп кои ги користи, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, дробилка, дигитална вага и други предмети. Р.Т. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против А.И.(26) од Струмица поради постоечки основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". Приајвената, изработена како благајник во АД „Водостопанство" на РСМ, подружница „Струмичко поле" - Струмица, во период од неколку месеци, од сефот на благајната на АД „Водостопанство" противправно присвоила парични средства во износ од 1.280.000 денари, доверени од директорот на претпријатието.

Денеска (05.05.2023), полициски службеници од ОВР Берово, врз основа на судска наредба, извршиле претрес во домот и помошни простории на Н.Д.(27) во Пехчево, при што пронашле и одземе марихуана. За случајот бил запознаен јавен обвинител и по комплетирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.Д.(63) од Гостивар поради постоечки основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 26.12.2022 во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „фолксген голф", кое го управувал приајвениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

На 04.05.2023 во СВР Битола било приајвено дека Н.Г.(41) од Битола, вработен во ЕВН, се здобил со тешки телесни повреди при извршување работни задачи во Кожани, грчко. Тој бил пренесен во Клиничка болница Битола за ужажување помош. Увид бил извршен и за настанот бил запознаен и трудов инспектор.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.И.(63) од село Чегране, гостиварско, поради постоечки основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Во текот на 2020 и 2021 година, приајвениот во повеќе наврати од физички лица од странство преку ќрз трансфер на пари примал парични средства во износ од 245.508 денари за цел избегнал да плати данок и го оштетил Буџетот на Република Северна Македонија.

На 04.05.2023 во 11.59 часот во СВР Скопје, Е.П. приајвила дека во нејзина нива во с.Чучер Сандево, скопско, при исход пронашла неексплодирана бомба од Втора светска војна. Увид на местото извршила екипа од Полициското одделение Мирковци, а за настанот била запознаена и Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 04.05.2023 во Полициската канцеларија Пехчево било приајвено дека околу 13.30 часот С.Б.(47) од Пехчево, при извршување на работни задачи во фабрика во Пехчево, се здобил со тешка телесна повреда констатирана во Клиничката болница Штип. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на ОВР Берово.

На 04.05.2023 во 14.25 часот во СВР Скопје, Т.Ј.(46) од Скопје приајвил дека околу 12.45 часот на ул.„Истарска", позади Олимписки базен, малолетник со тага предмет го нападнал неговиот малолетен син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.05.2023 во 23.30 часот во СВР Скопје било приајвено дека на подрачјето на Кисела Вода, М.Д.(53) од Скопје физички бил нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.05.2023 во 05.00 часот во Полициската станица Гази Баба било приајвено дека на ул.„Спира Цвне" било опожарено патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Е.Т. од Скопје. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 04.05.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Б.П.(32) од с.Стајковци, скопско, приајвила дека на 03.05.2023 во 17.00 часот во С.Стајковци, К.П. од истото село физички го нападнал нејзиниот малолетен син. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.05.2023 во 09.00 часот на ул.„Самоилова" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги приведе Ж.М.(40) и Б.Н.(39), двајцата од Скопје, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир и се однесувале агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.05.2023 во СВР Скопје било приајвено дека на 01.05.2023 околу 17.00 часот во с.Мирковци, скопско, по претходно недорасбирање во соообраќајот, бил нарушен јавниот ред и мир од физичка пресметка помеѓу М.Н.(26) од Скопје од една страна и С.А.(42), А.А.(39) и Е.У.(31) од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ке следи соодветен поднесок.

На 04.05.2023 во 11.00 часот во СВР Скопје било приајвено дека во с.Инџиково, скопско, по претходни нарушени меѓусоседски односи, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ф.А.(44) и малолетничка, двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.05.2023 во 22.40 часот во СВР Битола, М.Г.(44) од Битола приајвила дека на ул. „Гоце Делчев" во Битола нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 04.05.2023 во Полициската станица Велес, Е.Ј.(35) од Штип приајвила дека на ул. „Андон Шурков" во Велес била касната од куче скитник.

На 04.05.2023 во 12.15 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување на деца-Влае 2 било пријавено дека од установата се одалечил нивниот штитеник Д.Д.(16), кој и претходно се одалечувал и бил враќан. Се преземаат мерки за пронаѓување на лицето.

На 04.05.2023 во 09.00 часот, М.Д.(50) од Струга во полициска станица приајвила дека на улицата „Пролетерски бригади" во Струга била касната од куче скитник.

Сајтот е изработен согласно со Законот за електронска управа и е усогласен со барањата за пристапност на веб-страниците на институциите на органите на државна управа.
Сајтот е изработен согласно со Законот за електронска управа и е усогласен со барањата за пристапност на веб-страниците на институциите на органите на државна управа.
Сајтот е изработен согласно со Законот за електронска управа и е усогласен со барањата за пристапност на веб-страниците на институциите на органите на државна управа.

Сајт е изработен од страна на МВР и е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)23112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Vnet